**Народна банка на Република Македонија**

# Стратегиски план
# на Народната банка на Република Македонија
# за периодот 2016-2018 година

мај 2015 година

Врз основа на член 47 став 1 точка 9 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12 и 43/14) и член 12 став 6 од Правилникот за планирање Пр. бр. 02-15/VIII-2/2013 од 1 август 2013 година, Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# Стратегиски план
# на Народната банка на Република Македонија за периодот 2016-2018 година

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Стратегискиот план на Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) се утврдува врз основа на мисијата, визијата и организациските вредности на Народната банка, во зависност од макроекономското опкружување и клучните предизвици за наредниот период и ги содржи основните стратегиски цели за наредниот тригодишен период.
2. Стратегискиот план се ревидира секоја година и претставува основа за подготовка на Насоките за работа и на Програмата за работа со кои се утврдуваат годишните програми за остварување на стратегиските цели.

## II. МАНДАТ И НАДЛЕЖНОСТИ

3. Основните цели на Народната банка се утврдени во Законот за Народната банка, според кој основна цел на Народната банка е постигнување и одржување на ценовната стабилност. Друга цел, подредена на основната цел, е таа да придонесува кон одржување стабилен, конкурентен и пазарно-ориентиран финансиски систем, додека третата цел е поддршка на Народната банка на општата економската политика без да се загрози остварувањето на основната цел и во согласност со принципот на отворена пазарна економија со слободна конкуренција.

## III. МИСИЈА, ВИЗИЈА И ВРЕДНОСТИ

4. **Мисијата** произлегува од законски утврдените цели и ја изразува посветеноста на Народната банка за одржување на ценовната стабилност преку спроведување на избраната монетарна стратегија на одржување стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото. Воедно, Народната банка ќе продолжи да дава придонес кон одржување на финансиската стабилност и зголемување на економската благосостојба и животниот стандард на граѓаните.
5. **Визијата** на Народната банка е да биде препознаена како независна, одговорна, професионална и транспарентна институција којашто ужива висока доверба и кредибилитет во јавноста.
6. **Вредностите** придонесуваат за постигнување на мисијата и ја поддржуваат визијата на Народната банка, преку јакнење на организациската култура, зголемување на ефективноста во работењето, регулирање на меѓусебните односи на вработените, развивање одговорност и свесност за работните обврски и создавање позитивно опкружување кое обезбедува мотивација и задоволство кај вработените.

Народната банка и понатаму ќе ги негува и ќе ги одржува следниве вредности:

*Квалитет* - остварување на целите и очекувањата на вработените и на домашните и странските правни и физички лица, преку постојано подобрување на стандардите на работење, во согласност со најдобрите меѓународни практики;

*Интегритет* - обезбедување конзистентност, точност и чесност при остварувањето на целите и активностите;

*Лојалност* - давање приоритет на остварувањето на интересите на Народната банка во однос на интересите на поединци или групи и посветеност кон постигнувањето на мисијата на институцијата, визијата и стратегиските цели;

*Транспарентност* - обезбедување навремено и јасно информирање на вработените и на домашните и странските правни и физички лица за одлуките и мерките на Народната банка;

*Лидерство* - потпирање врз здравите амбиции, интелектот и самодисциплината изградени врз основа на заемна доверба на вработените;

*Иновативност* - стимулирање на иновациите, одржливо подобрување и критичко размислување;

*Професионализам* - здрави процени и висок интелектуален капацитет;

*Тимски дух* - обезбедување синергија и култура на споделување на знаењето и тимската работа.

## IV. МАКРОЕКОНОМСКО ОКРУЖУВАЊЕ И КЛУЧНИ ПРЕДИЗВИЦИ

7. Во наредниот период, Народната банка со целиот свој капацитет ќе работи на остварување на законски поставените цели.

Како и претходните неколку години, амбиентот во којшто ќе се остваруваат стратегиските цели на Народната банка е во знакот на очекувањата за посткризно заздравување на глобалната економија. Сепак, и понатаму се согледува неизвесност, ранливост во одредени сегменти и неповолни ризици, а со тоа и можност за неповолни пресврти. Имено, и покрај постепеното стабилизирање на економските и на финансиските текови во глобални рамки, клучен предизвик по преземените фискални и монетарни мерки претставува економското закрепнување имајќи ја предвид ранливоста на финансискиот сектор и на јавните финансии во поголем број земји. Оваа констатација особено се однесува на евро - зоната, како наш битен економски партнер, каде што ризиците за пролонгиран слаб економски раст и дефлација, иако намалени со последнните преземени мерки на Европската централна банка, сепак и понатаму се присутни. Во изминатиот период поизразени станаа и ризиците поврзани со цените на примарните производи, чијашто динамика и очекувања за нивната идна патека често се менуваат под влијание на промените во економските, но и во геополитичките фактори.

Во наредниот период, ниската инфлација и стабилноста на домашната валута и натаму ќе бидат главна карактеристика на домашната економија имајќи ги предвид очекувањата за стабилен раст на кредитната поддршка и солидниот економски раст. Во такви услови, главните ризици во однос на спроведувањето на монетарната политика во наредниот период се согледуваат во однос на неизвесноста околу идните приливи на странски капитал во домашната економија што, во случај на неповолни движења, може да наметне потреба за ефикасно реагирање преку затегнување на монетарните услови. Од друга страна, вишокот на ликвидност во евро - зоната и ниските приноси на европските финансиски пазари може да имаат позитивен ефект во насока на зголемување на приливите на странски капитал во домашната економија. Таквите движења ќе детерминираат прилагодување на оперативната поставеност на монетарната политика во насока на ефикасно повлекување на евентуалните вишоци на ликвидни средства.

Управувањето со девизните резерви ќе се остварува во согласност со домашните и меѓународните услови, почитувајќи ги принципите на сигурност, ликвидност и профитабилност. Во тој контекст, со цел обезбедување оптимален баланс

помеѓу повратот и ризикот од инвестирањето, се предвидува прилагодување на инвестициската стратегија во насока на зголемување на инвестициите во финансиски инструменти и валути со позитивни приноси и постабилни економски изгледи.

Спроведувањето на монетарната политика во високо отворена економија којашто поминува низ процесот на структурни реформи е релативно сложена задача. Динамичното надворешно опкружување, придружните ризици и нивното потенцијално влијание врз домашната економија, наметнуваат потреба од постојано унапредување на аналитичката и истражувачката работа, развој на процесот на прогнозирање и моделирање и зголемување на капацитетот за навремено откривање на евентуалните ризици, согледување на идните движења и промени кај опкружувањето. Истражувањата ќе овозможат подобро согледување на преносните ефекти на монетарната политика, следење на движењата во реалната економија и анализа на макрофинансиските врски што е од клучно значење за ефикасно утврдување и спроведување на монетарната политика.

Имајќи ја предвид законски утврдената цел за одржување на стабилноста на банкарскиот и финансискиот систем, ќе продолжат активностите за јакнење на банкарската супервизија. Во наредниот период се очекува задоволителната капитализираност и ликвидност да останат најсилните страни на банкарскиот систем во земјата. Значаен предизвик претставува управувањето со проблематичниот дел од кредитните портфолија кај банките, како и создавањето услови за генерирање задоволителна и одржлива профитабилност. Воедно, следејќи ги глобалните трендови, поголемо внимание ќе се посветува на системски значајните банки, како и на постепеното приспособување кон новите меѓународни банкарски стандарди и супервизорски практики. Народната банка ќе продолжи да ги унапредува и продлабочува анализите на банкарскиот систем, неговата стабилност и отпорност на шокови, како и севкупната финансиска стабилност на земјата.

Во наредниот среднорочен период Народната банка ќе продолжи да го развива и унапредува финансиското евидентирање и известување, што ќе овозможи поефикасно управување со финансиите, динамично планирање и следење на билансот на Народната банка. Контролата на трошоците, остварувањето на повратот од финансиските инвестиции со најмал ризик на изложеност и оптимизирањето на приходите од редовно работење, ќе бидат главниот столб на заложбите на Народната банка.

Во делот на платните системи клучен предизвик претставува воспоставувањето систем за прекугранични плаќања во евра преку МИПС-системот на НБРМ. Новата платежна инфраструктура ќе ја зголеми ефикасноста при извршувањето на плаќањата со странство, што ќе донесе придобивки за целата економија.

Во областа на статистиката, посткризниот период го одбележа зголемената свесност за потребата од квалитетни, подетални и навремени макроекономски статистики, како и подобрување на начинот на прикажување на статистичките податоци пред пошироката јавност. Оттаму и фокусот на среден рок ќе биде во овие сегменти. Исто така, имајќи ја предвид определбата на Република Македонија за членство во ЕУ, главен предизвик останува постепеното достигнување на барањата на ЕУ во однос на опфатот и квалитетот на макроекономските статистики.

Остварувањето на стратегиските цели бара активно следење на трендовите во централното банкарство, натамошно зајакнување на институционалниот капацитет, како и унапредување и развој на човечкиот капитал. Постојаните активности за навремено согледување и ефикасно справување со ризиците во оперативното работењето ќе придонесат за остварување подобри резултати во работењето и поголема подготвеност за соочување со предизвиците во иднина.

## V. СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ НА НАРОДНАТА БАНКА

8. Народната банка ќе биде насочена кон остварување на мисијата и визијата преку остварувањето на следниве стратегиски цели:

Стратегиска цел 1

- Одржување на ценовната стабилност преку стабилен курс на денарот во однос на еврото.

Стратегиска цел 2

- Одржување стабилен и сигурен банкарски систем, како основен предуслов за финансиска стабилност и за одржлив економски раст на земјата.

Стратегиска цел 3

- Ефикасно управување со девизните резерви на Република Македонија при оптимален баланс на принципите на сигурност, ликвидност и поврат од управувањето.

Стратегиска цел 4

- Поддршка на развојот на домашните финансиски пазари.

Стратегиска цел 5

- Зголемување на ефикасноста на системот на снабдување и обработка на книжните и кованите пари и зголемување на квалитетот и функционалноста на готовите пари во оптек.

Стратегиска цел 6

- Одржување највисок степен на сигурност, стабилност и ефикасност на домашните платни системи и обезбедување услови за прекугранично поврзување на платните системи.

Стратегиска цел 7

- Развој на истражувачката дејност во областите коишто се од клучно значење за ефикасно остварување на целите на Народната банка.

Стратегиска цел 8

- Обезбедување квалитетни статистички податоци, целосно усогласени со меѓународните и европските статистички стандарди, водејќи сметка за известувачкиот товар и нивната ефикасна, навремена и едноставна дисеминација до корисниците.

Стратегиска цел 9

- Подготовка на Народната банка за приклучување и членство во Европскиот систем на централни банки.

Стратегиска цел 10

- Следење на трендовите во централното банкарство, јакнење на флексибилноста во однос на промените што ги наметнува опкружувањето, ефективно управување со ризиците во сите сегменти на работењето, подобрување на транспарентноста и општествената одговорност на институцијата.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

9. Овој план влегува во сила на денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 2016 година.

10. Со започнување на примената на овој план, Стратегискиот план на Народната банка на Република Македонија СП.Бр. 02-15/VI-1 /2013 од 30 мај 2013 година престанува да важи.

**С.П.бр. 02-15/V-1/2015**
**7 мај 2015 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка на**
**Република Македонија**
**Димитар Богов**